# Инфо билтен - март 2026




## #Природата е приоритет

Почитувани, по успешно одржаната Меѓународна конференција за природа, Еко-свест ве кани на Национална конференција за природа под наслов „Локален економски развој во функција на заштита на природата“.

**Што ќе биде во фокусот?**

На претстојната конференција ќе ги отвориме најважните прашања за иднината на нашите природни богатства:

- Луѓето пред профитот: Дискусија за локалниот економски развој на заедниците наспроти корпоративниот профит.
- Локална моќ: Како заедниците да станат вистински двигатели на заштитата на природата.
- Шампиони на природата: Презентација на позитивни и инспиративни практики за заштита.
- Гласот на науката: Експертски решенија за реално унапредување на состојбите во заштитените подрачја.

📅 Датум: 16 април 2026 година
📍 Локација: Holiday Inn, Скопје
Ве молиме пријавете го вашето присуство на следниот линк:

Регистрација



## Дивиот свет на Јабланица: Нашето огледало и нашата одговорност!

Меѓународниот ден на дивиот свет не е само датум во календарот за славење на природата; тоа е потсетник дека секоја алка во екосистемот има своја незаменлива улога. Дивиот свет не живее „некаде таму“ – тој го дише истиот воздух, ја пие истата вода и го дели истиот планински масив со нас.
Прочитајте повеќе на линкот:

Прочитај повеќе

---

## Посета на Музејот Д-р Никола Незлобински во Струга

За време на посетата, учениците имаа можност одблизу да ја видат богатата колекција на флора и фауна – од птиците на Охридското Езеро до цицачите карактеристични за нашата Јабалница. Овие експонати не се само историски артефакти, туку жив потсетник за сложениот екосистем во кој живееме.

Види повеќе

### Чисти извори за бистри реки: Акција во Вевчани!

За меѓународниот ден на реките, решивме да дејствуваме директно кај самиот почеток – на Вевчанските Извори. Нема чисти реки без здрави и заштитени извори!

Прочитај повеќе

---

### „Фотографија, цијанотипија и еколошка свест“

Ја одржавме воведната средба од програмата „Фотографија, цијанотипија и еколошка свест“, плод на соработката помеѓу Еко-свест и Macedonian Festival for Alternative Photography - Zrno.

Прочитај повеќе




## #Активно граѓанство

### Еко трампа

животната средина „Еко-свест“.

Како новитет, посетителите на настанот, ќе може да разменуваат и предмети за своите домашни миленици во специјалното катче за миленици. Придружете ни се на настанот, кој го претвора Скопје во вистински центар на свесно консумирање, докажувајќи дека концептот на циркуларна економија станува сè попопуларен меѓу граѓаните.

---

## #ЗеленТелефон

Зелен телефон - 071 600 333 - нов сервис на Еко-свест за советување, насочување и правна поддршка на граѓаните кои се подготвени за акција! Активирај се - не молчи, пријави, реагирај!

Subscribe | Past Issues | Translate




# #Води

Промоција на сликовницата „Каде оди реката?“ од Хана Корнети и илустрации на Марија Трајаноска, издание на „Чудна шума“ во соработка со Еко-свест. 🏞️🐟
📍Промоцијата ќе се одржи на 5 април, недела, во 12 часот, во КСП Центар - Јадро.
📘
Кога Лука копнее да го види светот, скриен зад далечниот хоризонт низ кој тече реката, снешкото Магелан решава храбро да скокне во изворот и да отплови наместо него.

се претвора во откритие на длабоките лузни што човекот ги оставил со својата негрижа.
„Каде оди реката?“ е лирска екоприказна за пријателството, одговорноста и надежта. Таа нè учи дека секој наш свесен избор е чекор на патот кон зачувување на хармонијата меѓу човекот и природата.
📗Сликовницата е издадена во соработка со Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“, Скопје. Содржините во изданието се инспирирани од нивната работа во областа на заштитата на реките и се темелат на резултатите од истражувањата за притисоците врз реките и речните екосистеми.

# #Енергија

## Што е паметно енергетско планирање?

Со цел да информираме и да ги мотивираме граѓаните да станат активни потрошувачи-производители на електрична енергија, спроведовме социјално истражување за да дознаеме кои се македонските просумери. Истражувањето го реализиравме преку онлајн прашалник насочен кон постоечки и потенцијално заинтересирани просумери. Постоечките просумери се главно технички подобро информирани и подготвени за инвестиција, а нивното личното искуство има силен ефект кај идните просумери. Финансискиот влог, административните процедури и нивото на доверба во институциите се главни пречки граѓаните да се решат да станат просумери. Повеќе за просумерите дознајте на prosumer.mk.
Погледнете го новиот документ за политики на граѓанските организации кој покажува дека механизмот за јаглеродно оданочување – Carbon Border Adjustment Mechanism (CBAM) – не е само „бариера“, туку и можност за побрзо усогласување на земјите од Западен Балкан со европските енергетски и климатски политики.
За Македонија ова е особено важно. Долгогодишната зависност од јаглен, слабата примена на оценките за влијание врз животна средина и недоволното спроведување на законите за заштита на природата го забавуваат вистинското интегрирање на нашиот електроенергетски пазар со ЕУ. CBAM поставува јасни рокови: до 2030 година земјите што сакаат непречен извоз на електрична енергија

значи дека вистинската интеграција не е само техничко прашање на пазарите, туку и прашање на фер правила – за луѓето, природата и праведната транзиција во регионот.

---




# #Клима

Претставник на Еко-свест гостуваше во утринска емисија каде зборувавме за климатските промени и нивното сѐ поизразено влијание врз Македонија. Во разговорот беше истакнато дека земјата веќе се соочува со почести топлотни бранови, суши и екстремни временски настани, кои имаат последици врз водните ресурси, биодиверзитетот и квалитетот на живот. Погледнете ја целата емисија.

Видео

# #Медиуми

- Чоловиќ Лешоска: Струшкиот извор Шум не е впишан во катастар, како и многу други во земјава (https://www.slobodnaevropa.mk/a/cholovikj-leshoska-strushkiot-izvor-shum/33704504.html)
- НАША УТРИНСКА ТЕМА - Доаѓа ли нов климатски шок - Пеце Ристевски и Елена Николовска (https://www.youtube.com/watch?v=T0l5mxVjZCM&t=982s)
- Урнебесно - Мечка, лисица, волк, зајак, елен, рис и мршојадец бараат стан во Скопје (https://www.youtube.com/watch?v=u16HvyIFXs0&list=PLlc1sKs7Jl0Ebp3sx1TVLJrfcgMfsNGXN)

## Публикации

- Проценка на емисиите од гасната инфраструктура во Северна Македонија (линк)

Забелешка: Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Поракатa ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Еко свест

Subscribe | Past Issues | Translate

update your preferences or unsubscribe

INTUIT mailchimp